Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 04-1052/11

Датум: 22. 12. 2021

Врз основа на член 52, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" 275/2019, 14/2020, 112/2021 и 215/2021), генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе:

## ОДЛУКА

За избор на кандидат по интерен оглас број 1/2021 за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас бр.1/2021 за унапредување на административен службеник во Инспекцискиот совет, објавен на 16.12.2021 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, од предложената финална ранг листа за работното место УПР 01 01 Б04 000 - Раководител на Одделение за следење и координација на инспекциските служби, Сектор за следење, координација и заеднички работи, се избира кандидатот **Сашко Младеновски**.
2. Кандидадот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за унапредување на раководен административен службеник формирана со Решение број 04-1052/8 од 21.12.2021 година, од генералниот секретар на Инспекциски совет, во функција на спроведување на постапка за унапредување на раководен административен службеник за извршување на работите од точка 1 од оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас бр.1/2021 на 16.12.2021 година на веб страните на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за унапредување на наведеното раководно работно место.

По спроведената постапка за административна селекција и интервјуто спроведено од генералниот секретар на Инспекциски совет, Комисијата изготви Записник бр. 04-1052/10 од 22.12.2021 година заедно со финална ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата со Предлог кандидат за унапредување на раководен административен службеник по интерениот оглас бр. 1/2021, врз основа на кои генералниот секретар на Инспекциски совет изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

Генерален секретар
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Скопје
KËSHILLI I INSPEKTORATEVE
Shkup
Republica e Maqedonisë së Veriut

Доставено до:

- кандидатите
- Одделение за општи и заеднички работи
- архива